**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-177/3**
**Скопје,02.11.2023 година**

Записник од осумдесет и осма седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 02.11.2023 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Ицет Мемети Заменик претседател
г-дин Антонио Јолевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-дин Арбер Исаку член
г-ѓа Фиданка Рајевска член
г-ѓа Кети Петкова член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на осумдесет и осмата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1 Разгледување на предлог измена на Етичкиот кодекс на јавните обвинители..
2 Разгледување и оценување на Годишните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје.
3 Разно

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја отвори 88-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Г-дин Антонио Јолевски предложи да се почне со точката два од дневниот, разгледување и оценување на годишните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје. Предлогот на членовот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збор на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје г-дин Мустафа Хајрулахи.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, г-дин Мустафа Хајрулахи во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, со извештаите на ОЈО Скопје, ОЈО Куманово, ОЈО Гевгелија, ОЈО Кавадарци, ОЈО Велес и ОЈО Крива Паланка како и со Годишниот извештај на ВЈО Скопје за 2022 година. Кажа дека Годишниот извештај предходно бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ, на запознавање и разгледување, по што го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со работата на ВЈО Скопје и основните јавни обвинителства од ова подрачје, со

предизвиците и проблеми со кои се соочуваат јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, потенцирајќи го ОЈО Гевгелија каде како што кажа има само еден јавен обвинител, но воедно и даде пофални зборови за јавниот обвинител каде и покрај тоа што е сам ја извршува функцијата, истата ја извршува безпрекорно. Воедно побара од Советот да изнајде некакво решение за подобрување на ситуацијата во ова јавно обвинителство со јавно обвинителски кадар. Исто така ги запозна членовите на Советот со бројот на приливот на предмети, сработени предмети и предмети кои се во работа се искажано во бројки и проценти. Истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје за извештајната 2022 година, како и ВЈО Скопје постапувале професионално и стручно ја извршувале јавно обвинителската функција.

Откако ЈО на ВЈО Скопје г-дин Мустафа Хајрулахи заврши со излагањето на годишните извештаи за јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му се заблагодари за опсежното излагање на годишниот извештај по што им даде збор на координаторите во Советот за подрачјето на ВЈО Скопје.

Збор зема г-дин Антонио Јолевски кој укажа не неколку технички работи и даде забелешки и сугестии по истите, а се однесуваа на бројката на нерешени предмети, бројот на примени пријави, примената на чл.43 и 44 и во други сегменти каде што смета дека има несогласување при сумирањето на бројките, како и за квалитетот на работењето на јавните обвинители. Истакна дека освен ОЈО Гевгелија каде работи само еден јавен обвинител дите други основни јавни јавни обвинителства не го совладале приливот, а се скоро целосно пополнети. Тој во својата дискусија ја пофали работата на јавниот обвинител во ОЈО Гевгелија и смета дека овој јавен обвинител треба да биде награден од страна на Јавниот обвинител на ЈОРСМ. Воедно од страна на ВЈО на ВЈО Скопје побара да се извршува повеќе надзор над работата на јавните обвинители во основните јавни обвинителства заради малиот број на решени предмети и кривични пријави и слабиот квалитет што произлегува од видот на одлуките на ВЈО и судовитеи доколку има потреба да се спроведат и соодветни казни. Истакна дека извештајот ги содржи сите битни елементи со одредени слабости кои треба да се надминат, и дека истиот реално ги отсликува состојбите во јавните обвинителства од ова подрачје. Воедно е на мислење дека извештајот треба да биде позитивно оценет.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, г-дин Мустафа Хајрулахи кажа дека техничките грешки ќе бидат корегирани, ќе бидат вметнати дополнително потребни податоци и истите ќе бидат доставени до Советот. По доснос на надзорот и контролата по основните јавни обвинителства кажа дека како Виш јавен обвинител има извршено надзор на работите на јавните обвинители за кој нејвеќе стигаат претставки по однос на нивното работење. Кажа дека Советот е запознаен по однос на поведените дисциплински постапки, но истакна дека истите се одолговлекуваат и се носат благи казни. Кажа дека со ваквото постапување се охрабруваат и останатите јавни обвинители да лежерно да си ја извршуваат работата бидејќи знаат дека ќе бидат само парично санкционирани со што завршува целата постапка.

Член н Советот постави прашање во поглед на надзорот и каква е ситуацијата со контролите и дали е започнато со нови контроли по јавните обвинителства.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, г-дин Мустафа Хајрулахи кажа дека со контролите ќе се започне од овој месец, и укажа дека има и вонредни контроли по јавните обвинителства каде се поднесени претставки за работата на јавните обвинители.

Г-дин Ицет Мемети кој се сложи со колегата Антонио Јолевски во врска со проблемот со искажаните бројки каде има несогласувања, но смета дека истите ќе бидат корегирани и исправени од страна на изготвувачот на извештајот. Укажа на податокот за намалениот број на пријави за 1600 во однос на 2021 година, кажа дека биле разгледани и извештаите и од останатите Виши јавни обвинителства каде трендот е ист. Укажа дека јавните обвинители постојано се жалат на кадровските капацитети, дека неможе да се совлада приливот на нови предмети. Смета дека реалната состојба е

поинаква, дека има јавни обвинителства каде нема доволен број на јавни обвинители, но има јавни обвинителства кои имаат доволен број на јавни обвинители, а од друга страна не успеваат да го совладаат приливот на нови предмети, што укажува дека не се работи доволно. Смета дека мора да се зајакнат контролите по основните јавни обвинителства, покрај редовните да се оди и со вонредни контроли. Во поглед на приливот на предмети во јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, го загрижува бројката на отфрлени кривични пријави и тоа најголемиот број поднесени од страна на МВР. Предложи овој проблем да се подигне на повисоко ниво и смета дека јавноста треба да биде известена. Во однос на институтот конфискација истакна дека почнал да се применува овој институт за разлика од претходните години. Во поглед на заклучоците смета дека не станува збор за незначителен тренд на опаѓање, а процентот е 15%. Воедно кажа дека го подржува извештајот, дека ги отликува состобите по основите јавни обвинителства од ова подрачје и дека ќе гласа за негово усвојување.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, г-дин Мустафа Хајрулахи кажа дека било разговарано во врска со оваа појава и кажа дека голем број на пријави од страна на МВР, се поднесуваат без доволен број на податоци и дека постои реален проблем. Во однос на контролите, напомена дека има во план до крајот на оваа година изврши надзор и контрола во основните јавни обвинителства, особено по решенијата за отфрлање на кривичните пријави и на притворските предмети.

Член н Советот кажа дека станува збор за сеопфатен, концинзен и одлично изготвен годишен извештај. Воедно му се заблагодари на Вишиот јавен обвинител што има пофални зборови за работата на јавниот обвинител во ОЈО Гевгелија. Кажа дека претходно била јавен обвинител во ова јавно обвинителство и добро ја познава работата на овој јавен обвинител и нејзината посветеност во работењето со предметите. Кажа дека било разговарано со Јавниот обвинител на РСМ, за да се делегира еден јавен обвинител во ОЈО Гевгелија. Воедно се осврна на годишниот извештај во делот за одземени предмети каде го нема ОЈО Гевгелија. Смета дека тука најверователно станува збор за некаква грешка. Воедно кажа дека годишниот извештај го оценува позитивно и ќе гласа за истиот.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, г-дин Мустафа Хајрулахи во делот на одземени предмети кажа можеби не биле доставени податоци од страна на ОЈО Гевгелија, па оттука и нема графа во извештајот за овој податок во ОЈО Гевгелија.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска смета дека Годишниот извештај е сеопфатен, дека дава пресек на целовкупното работење на ВЈО Скопје и основните јавни обвинителства од ова подрачје, како во поглед на стручната служба и јавно обвинителската поставеност во овие јавни обвинителства. Укажа на потребата да се обрати повеќе внимание при вршењето на контролите во основните јавни обвинителства и воедно ја пофали употребата на членот 275 од ЗКП. Кажа дека позитивно го оценува и ќе гласа за негово усвојување.

Член н Советот кажа дека извештајот дава реални слика за сотојбите на основните јавни обвинителтва од подрачјето на ВЈО Скопје. Смета дека треба да има мала корекција во однос на некои податоци искажани во самиот извештај и смета дека во извештајот треба да биде искажан и процентот на видот на донесени одлуки по кривичните пријави и по одлуките по завршена истрага, како и кај видот на санкции. Генерално позитивно го оцени извештајот и кажа дека ќе гласа за негово усвојување.

Член н Советот кажа дека во поглед на институтот конфискација кажа дека во пракса е исклучително тешко да се докаже од кое кривично дело потекнува за да може да се примени. Воедно му се заблагодари на Вишиот јавен обвинител за опсежниот извештај и накратко се задржа на појавата или трендот на намалување на криминалитетот, а во исто време има појава на зголемување на обемот на нерешени предмети. Смета дека ова е загрижувачка појава и дека треба да се превземат соодветни мерки и да се разбуди свеста и дисциплината кај некои јавни обвинители во делот на нивното работење.

Откако никој не се јави за дискусија ЈО на ВЈО Скопје г-дин Мустафа Хајрулахи ја напушти седницата, по што членовите на Советот гласаа за усвојување на Годишниот

извештај на ВЈО Скопје и на Основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот, ги разгледа и позитивно ги оцени Годишните извештаи на ВЈО Скопје, ОЈО Скопје, ОЈО Куманово, ОЈО Велес , ОЈО Кавадарци, ОЈО Гевгелија и ОЈО Крива Паланка за 2022 година.**

Под точката еден од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предложи оваа точка од дневниот ред биде одложена за наредната седница на Советот.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот, по што беше заклучена осумдесет и осмата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Душица Димитриеска**